**10 септември (четврток) 20:00 ч.**

**Отворање на фестивалот со премиера на дигитално реставрираниот**

**СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТОРИ**

**(The Assassins from Salonika)**

Игран филм, Република С. Македонија
1961, 103 минути, црно-бел, ДЦП
Режија: Живорад Митровиќ - Жика
Сценарио: Јован Бошковски
Улоги: Александар Гавриќ, Истреф Беголи, Дарко Дамевски, Драган Оцокољиќ, Стево Спасовски, Петре Прличко

Инспириран од историските настани поврзани со Солунските атентати од 1903 година, филмот ја обработува акцијата на гемиџиите – група млади македонски револуционери, задоени со анархистичките идеи што се ширеле низ Европа кон крајот на XIX век. Со серија внимателно испланирани диверзии врз симболични објекти во Солун, тие настојуваат да го привлечат вниманието на европската јавност кон положбата на Македонија под Османлиското Царство. Подготовките за акцијата се одвиваат во строга тајност, а нападите се планирани за ноќта на карневалските свечености во април 1903 година, кога избраните објекти се очекува да бидат празни за да се избегнат човечки жртви. Иако османлиските власти насетуваат дека се подготвува некаков голем напад, групата ја спроведува една од најсмелите револуционерни акции од почетокот на XX век.

Во режија на Жика Митровиќ, СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТОРИ се вбројува меѓу најуспешните историско-акциони филмови од југословенската кинематографија. На Фестивалот на југословенскиот игран филм во Пула во 1961 година филмот ја добива традиционалната награда на публиката „Јелен“, додека сценографот Диме Шумка е одликуван со Специјална поединечна диплома за сценографија. На истиот фестивал, режисерот Жика Митровиќ добива и признание од жирито за успешно негување на акциониот жанр во домашниот филм, со што филмот ја потврдува својата значајна уметничка и продукциска вредност.

***Гости: Дејан Дабиќ  - уметнички директор на Мартовски фестивал/Србија и Владимир Павловски - декан на ФДУ Скопје***

***Ретроспективна програма „Загубени во 1990-тите“***

**10 септември (четврток) 18:00 ч.**

**ВО СЈАЈОТ НА СРЕЌАТА**

**(Im Glanze dieses Glückes)**

Документарен филм, Германија

1990, 83 мин., колор, блуреј

Режија и сценарио: Јохан Феинд, Жанин Мерапфел, Хелга Рајдемајстер, Дитер Шуман и Тамара Трампе (Johann Feindt, Jeanine Meerapfel, Helga Reidemeister, Dieter Schumann, and Tamara Trampe)

На 9 ноември 1989 година со падот на Берлинскиот ѕид и револуцијата во Германската Демократска Република исчезна еден свет – свет кој дотогаш изгледал цврст и непроменлив во своите економски, политички, воени, етички, општествени и психолошки темели.

Филмот ги составува фрагментите од овој драматичен период на пресврт: снимки од аукцијата на делови од Берлинскиот ѕид се испреплетуваат со сведоштво на поранешен припадник на Штази. Во оваа слика на општество што се распаѓа и повторно се создава, стравот и надежта опстојуваат паралелно.

Додека политичката реторика добива невидена динамика, во создадениот вакуум на транзицијата повторно се појавуваат стари структури, мрежи на доушници и различни форми на општествени деформации. ВО СЈАЈОТ НА СРЕЌАТА е документ за еден историски миг исполнет со еуфорија и неизвесност, кој го истражува сложениот однос меѓу слободата, сеќавањето и наследството на едно исчезнато општество.

Со проекцијата на филмот СЈАЈОТ НА СРЕЌАТА ја започнуваме ретроспективната програма на филмови кои оваа година беа дел од програма „Загубени во 1990-тите“(„Lost in the 90s“) на Берлинскиот филмски фестивал (Berlinale) 2026, посветена на кинематографијата од 1990-тите и на филмовите што ги истражуваат политичките и општествените трансформации по крајот на Студената војна.

***Ретроспективна програма „Загубени во 1990-тите“***

**11 септември (петок) 18:00 ч.**

**БЕРЛИН БАНХОФ ФРИДРИХШТРАСЕ 1990**

**(Berlin, Bahnhof Friedrichstraße 1990)**

Документарен филм, Германија

1991, 86 мин., колор, блуреј

Режија и сценарио: Констанце Биндер, Лили Гроте, Урлике Хердин и Јулија Кунерт (Konstanze Binder, Lilly Grote, Ulrike Herdin, Julia Kunert)

По падот на Берлинскиот ѕид, границите постепено исчезнуваат, а железничката станица Фридрихштрасе станува симбол на историските промени во обединувањето на Германија. Во пресрет на стапувањето во сила на Договорот за обединување на двете германски држави во јули 1990 година, контролите на некогашниот граничен премин сѐ повеќе се ублажуваат, додека илјадници луѓе секојдневно ја преминуваат дотогаш непробојната граница.

Четворица автори – од Источна и Западна Германија – го документираат постепеното демонтирање на граничните пунктови и трансформацијата на просторот што со децении ја симболизирал поделбата на Германија. Нивните камери бележат сведоштва на граничари, патници и вработени во продавниците „Интершоп“, чии лични приказни откриваат различни искуства, неизвесности и надежи поврзани со политичките и општествените промени.

Филмот БЕРЛИН БАНХОФ ФРИДРИХШТРАСЕ 1990 не е само документ за исчезнувањето на една граница, туку и повеќеслоен портрет на општество во процес на длабока трансформација. Како што истакнува продуцентката Мадлен Бернсторф, железничката станица претставува „заматена, хипермобилна слика на преструктурирањето на општеството“, а токму различните перспективи на четворицата автори му даваат на филмот неговата длабочина, сложеност и автентичност.

**11 септември (петок) 20:00 ч.**

**НОВОРЕСТАВРИРАНИ АНИМИРАНИ КРАТКИ ФИЛМОВИ**

**Анимирани филмови од 1970-тите – политички инспирирани приказни исполнети со духовитост и општествен ангажман**

Македонскиот анимиран краток филм претставува значаен медиум што произлегува од богатата традиција на карикатурата, во која локалните автори се истакнуваат со својата духовитост, сатира и општествен ангажман. Врз неговиот развој значително влијание има и Загрепската школа за анимација. Оваа програма претставува избор од најзначајните македонски анимирани филмови од 1970-тите години – деценија што претставува пресвртница во развојот на македонската анимација.

Во 1971 година Петар Глигоровски го реализира првиот македонски анимиран филм, ЕМБРИО БР. М, поставувајќи ги темелите на националната анимација. Заедно со Дарко Марковиќ, Боро Пејчинов и Делчо Михајлов, тој припаѓа на пионерската генерација автори кои ја воспоставуваат македонската школа за анимација. Како истакнат

македонски сликар, Глигоровски ги пренесува своите препознатливи апстрактни мотиви во анимираниот филм, создавајќи оригинален визуелен израз. Филмовите ЕМБРИО БР. М и АДАМ 5 ДО 12 ги истражуваат темите на раѓањето и уништувањето, прикажувајќи фигури што постојано се трансформираат во нови облици.

Еден од најзначајните автори на оваа генерација е Дарко Марковиќ – попознат како Дар-Мар. Неговиот прв краток анимиран филм, ГРАНИЦА, реализиран во техника стоп-анимација со пинг-понг топче како главен лик, претставува метафорична приказна за границите и нивното значење во човечкото постоење и политичкиот живот. Во програмата се вклучени и неговите филмови БУКВАР ЗА ПИСМЕНИ и РАКА, кои сведочат за неговата препознатлива анимациска техника и извонредна способност за визуелно раскажување, и му ги донесоа награди во Оберхаузен и Монтре во 1980 г.

Изборот го вклучува и филмот ОТПОР на Боро Пејчинов, стоп-анимација во која главните ликови се предмети – чекан, турпија, клешти, апарат за заварување и шајка. Преку симболиката на нескршливата шајка, филмот прераснува во алегорија за човечката истрајност, отпорност и достоинство. ОТПОР ги освои Главните награди на меѓународните филмски фестивали во Оберхаузен, Германија, Анеси, Франција, и Краков, Полска, а беше и југословенски кандидат за “Оскар” во 1978 година.

Кон крајот на 1970-тите години се појавува нова генерација автори, меѓу кои Делчо Михајлов, Славољуб Игнатовиќ и Мирослав Грчев, кои даваат значаен придонес во понатамошниот развој на македонската анимација. Иако нивните филмови се реализирани во следната деценија, нивните идеи и визуелен јазик извршиле силно влијание врз идните генерации аниматори. HOMO DOGMATICUS на Делчо Михајлов се надоврзува на неговото богато искуство како автор на стрипови, ЛУДА ПТИЦА на Славољуб Игнатовиќ претставува едно од првите македонски еколошки анимирани остварувања, додека ЦРНОТО ЗНАМЕ на Мирослав Грчев се вбројува меѓу делата што го означуваат преминот кон новата етапа во развојот на македонската анимација и претставуваат инспирација за следните генерации автори.

***Ретроспективна програма „Загубени во 1990-тите“***

**12 септември (сабота) 18:00 ч.**

**СОНЧЕВА ТОЧКА**

**(Sunny point)**

Игран филм, Германија / Франција

1995, 97 мин., колор / црно-бел, блурej

Режија и сценарио: Волф Фогел (Wolf Vogel)

Улоги: Хенрик Арнст, Андре Хенике и Петра Клајнарт (Hendrik Arnst, Andre Hennicke, Petra Kleinert)

Виктор е филмски продуцент кој создава реклами, но се однесува како холивудски магнат. Зад неговата самоуверена фасада, сепак, се крие тешката реалност – неговата компанија „Сани поинт“ е пред финансиски колапс, кредитната линија е надмината, а големиот ангажман на кој се надева пропаѓа. Остануваат само неколку слабо платени кинореклами, додека фирмата ја одржуваат неговата секретарка, сè уште на пробна работа, и еден амбициозен млад соработник.

Она што никој не го знае е дека Виктор е бегалец од Источна Германија, каде што работел како инженер за пластика. За да добие нова финансиска помош за започнување бизнис во Западна Германија, тој решава повторно да ја одигра својата приказна за бегство – скокајќи во реката Шпре на 9 ноември 1989 година, денот на падот на Берлинскиот ѕид.

Режисерот Волф Фогел создава сатиричен портрет на човек кој се обидува да ги искористи правилата на новиот капиталистички свет, но истовремено ја открива сложената реалност на периодот на германското обединување. Снимен со екипа и актери од Источна и Западна Германија, филмот ги преиспитува стереотипите за поделбата меѓу Истокот и Западот и нуди ироничен, но човечки поглед кон општествените промени по падот на Ѕидот.

**12 септември (сабота) 20:00 ч.**

**НЕБОТО НАД БЕРЛИН**

**(Wings of Desire / Der Himmel über Berlin)**

Игран филм, Германија / Франција

1987, 128 мин., колор / црно-бел, блурej

Режија: Вим Вендерс (Wim Wenders)

Сценарио: Вим Вендерс, Петер Хандке, Рихард Рајтингер (Wim Wenders, Peter Handke, Richard Reitinger)

Улоги: Бруно Ганц, Солве Домартен, Ото Сандер, Питер Фалк, Курт Боис (Bruno Ganz, Solveig Dommartin, Otto Sander, Peter Falk, Curt Bois)

Двајца ангели, Дејмиел и Касиел, лутаат низ улиците на Берлин, набљудувајќи ги раздвижените жители. Тие можат да ги слушнат мислите – стравовите, надежите и соништата на сите смртници што живеат долу. Ангелите им праќаат невидливи знаци на надеж, но никогаш не комуницираат со нив. Кога Дејмиел се вљубува во осамената трапезистка Мерион, тој е спремен да се откаже од својата бесмртност. Копнее да го

доживее животот во физичкиот свет и открива дека е можно тој да добие човечки облик.

НЕБОТО НАД БЕРЛИН е една од најубавите градски кинематографски симфонии воопшто. Снимен непосредно пред падот на Берлинскиот ѕид во црно-бело и во боја од легендарниот Анри Алекан, го доловува духот на времето и засекогаш го направи името на режисерот Вим Вендерс синоним за филмска уметност. НЕБОТО НАД БЕРЛИН го обележа враќањето на Вендерс во неговата родна Германија и е неговиот прв германски филм по осум години поминати во САД. Снимен две години пред паѓањето на Берлинскиот ѕид, филмот е омаж на „поделениот“ град од една уште понеобична перспектива, онаа на ангелите. Филмот чиј косценарист е писателот Петер Хандке ги доби наградите за Најдобар режисер на Канскиот филмски фестивал (1987) и на Европските филмски награди (1988) и оттогаш се стекна со култен статус.

**13 септември (недела) 18:00 ч.**

**ВИРИДИЈАНА**

**(Viridiana)**

Игран филм, Шпанија / Мексико

1961, 90 мин., црно-бел, ХД

Режија: Луис Буњуел (Luis Buñuel)

Сценарио: Хулио Алехандро, Луис Буњуел (Julio Alexandro, Luis Buñuel)

Улоги: Силвија Пинал, Франциско Рабал, Фернандо Реј, Хозе Калво, Маргарита Лозано (Silvia Pinal, Francisco Rabal, Fernando Rey, José Calvo, Margarita Lozano)

Инспириран од романот *„Алма“* на Бенито Перес Галдос, филмот на Луис Буњуел ја следи приказната за младата Виридијана, која пред да се закалуѓери доаѓа во посета на својот богат вујко. Возбуден од сличноста на Виридијана со неговата покојна жена, вујкото се обидува да ја заведе младата девојка. Чувството на вина сосем ја совладува идната калуѓерка и таа своето милосрдие и религиозните идеали и принципи ќе ги насочи кон помагање на сиромашните, но постепено се разочарува и влегува во сложени односи што понатаму ја наведуваат да ги преиспита сопствените верувања и идни планови.

Преку надреалистички пристап, Буњуел ја преиспитува улогата и ограничувањата на религиозните догми во современото општество, истовремено откривајќи ги лицемерието, моралната двојност и духовната празнина скриени зад привидните вредности. Филмот се одликува со препознатливата поетика на режисерот – слободни

асоцијации, симболички слоеви, неочекувани пресврти и слики со карактер на сон и кошмар.

ВИРИДИЈАНА е првиот филм што Буњуел го снима во Шпанија по долгогодишниот егзил. Иако продукцијата првично била поддржана од десничарската влада на генералот Франко, по завршувањето на филмот властите се обиделе да го цензурираат неговото прикажување и да ги уништат копиите. Филмот останал забранет во Шпанија до смртта на генералот Франко во 1975 година а првото јавно прикажување се случило во 1977 година. И покрај осудите од официјален Ватикан, кој го сметал за навредлив кон христијанството, ВИРИДИЈАНА во 1961 година ја освои „Златната палма" на Канскиот филмски фестивал, потврдувајќи го своето место како едно од најзначајните дела во историјата на светската кинематографија.

**13 септември (недела) 20:00 ч.**

**АНГЕЛОТ ИСТРЕБУВАЧ**

**(El Ángel extreminador/ The Exterminating Angel)**

Игран филм, Мексико

1962, 93 мин., црно-бел, 35 мм

Режија: Луис Буњуел (Luis Buñuel)

Сценарио: Луис Алкориза, Луис Буњуел (Luis Alcoriza, Luis Buñuel)

Улоги: Силвија Пинал, Жаклин Андер, Енрике Рамбал (Silvia Pinal, Jacqueline Andere, Enrique Rambal)

Поканети на раскошна вечера во домот на Едмундо и Лусиа, гостите почнуваат чудно да се однесуваат. Никој не си оди дома, сите водат неповрзани муабети, забораваат каде тргнале и какви намери имаат, почнуваат и да се разболуваат. Како некоја мистериозна сила да ги држи заедно затворени.

АНГЕЛОТ ИСТРЕБУВАЧ е третиот филм на Буњуел со мексиканската актерка Силвија Пинал во главната ролја кој е критички насочен кон општествените авторитети: богатата граѓанска класа и католичката црква. Со едноставен стил, со зачестена употреба на средни планови и со мали движења на камерата, Буњуел, низ зачестените повторувања претставени преку повеќекратните влегувања во иста соба и повторните запознавања на протагонистите, како и ироничните реплики и неповрзаните дијалози, ги исмејува ритуалите на високото општество, а истовремено го анлизира и низ призмата на ирационалното, востановено преку фантастичниот елемент на неможноста протагонистите да ја поминат невидливата физичка бариера и да излезат од богаташката куќа во која се повикани на вечера.

Самиот режисер го опишал филмот како вознемирувачка рефлексија за животот на современиот човек, а филмот е прво дело во опусот на режисерот во кое фантастиката е сосема во функција на развојот на фабулата. Дел од критиката филмот го толкува и како метафора за режимот на генералот Франко во Шпанија, при што на видело излегува сета немоќ и злоба на изолираната владејачка класа. Филмот ја добива наградата на критиката „Фипресци“ на фестивалот во Кан во 1962 г.

***Ретроспективна програма „Загубени во 1990-тите“***

**14 септември (понеделник) 18:00 ч.**

**ЛОЛА И БИЛИ КИД**

**(Lola und Bilidikid)**

Игран филм, Германија / Франција

1999, 95 мин., колор, блуреј

Режија и сценарио: Кутлуг Атаман (Kutluğ Ataman)

Улоги: Баки Даврак, Ганди Мукли, Ердал Јилдиз, Мајкл Гербер (Baki Davrak, Gandi Mukli, Erdal Yıldız)

Во берлинскиот кварт Кројцберг, турска трупа на драг-изведувачи, која се претставува под името „Мигрантски работници“, со голем успех настапува во мал алтернативен клуб. Меѓу нив е Лола, млад човек кој се идентификува како геј маж и кој е во врска со Били, мачо карактер со традиционални сфаќања за машкоста. Били ја притиска Лола да направи операција за промена на полот, надевајќи се дека заедно ќе се вратат во Турција и ќе започнат нов живот и ќе отворат бар на плажа.

Истовремено, братот на Лола, Мурат, кој сè уште живее со својата мајка, се соочува со истото неприфаќање на својата сексуалност од страна на постариот брат Осман. Како и Лола, и Мурат станува жртва на насилството и омразата од страна на група германски неонацисти. Откако телото на Лола е пронајдено во реката Шпре, Били верува дека одговорни за нејзината смрт се токму тие тројца насилници. Тој го зема Мурат под своја закрила и го претвора во одмаздник, убедувајќи го дека започнуваат „нивна заедничка војна“.

Во својот интензивен семеен и општествен драмски филм, режисерот Кутлуг Атаман создава сложен портрет на квир заедницата во Берлин, соочена со двојна маргинализација – поради сексуалната ориентација и мигрантското потекло. Преку спротивставувањето на различните културни средини, од турскиот дел на Кројцберг до буржоаскиот кварт Ванзе, филмот ги истражува прашањата за идентитетот,

припадноста, семејството и насилството, откривајќи ги невидливите слоеви на берлинското мултикултурно општество.

**14 септември (понеделник) 20:00 ч.**

**АЛИС ГИ: 13 КРАТКИ ФИЛМОВИ**

**(Alice Guy : 13 short films)**

Колаж од кратки играни филмови, Франција

1898-1907 година, 46 мин., црно-бел, блуреј

Режија и сценарио: Алис Ги (Alice Guy)

Интересна и возбудлива можност за сите љубители на немиот филм е да се погледнат тринаесет кратки филмови на Алис Ги, една од првите и најзначајни фигури во историјата на кинематографијата и првата позната жена режисерка на играни филмови. Во периодот од 1898 до 1907 година таа создава дела каде се гледа нејзината иновативност и раниот развој на филмскиот јазик.

Алис Ги е авторката која му предложила на Леон Гомон (Léon Gaumont) да се создадат кратки филмски приказни кои би се засновале на однапред подготвени сценарија, со што значително би се придонело кон развојот на наративниот филм. Во време кога филмската индустрија била речиси целосно доминирана од мажи, нејзината можност да режира претставувала исклучителен историски преседан.

Како режисерка и сценаристка на продукциите на „Гомон“, таа до 1907 година експериментирала со различни филмски форми, техники и специјални ефекти, поставувајќи ги темелите на визуелното раскажување и отворајќи нови можности за развојот на кинематографијата.

***Филмовите ќе бидат придружувани со музика во изведба на Андреј Татарчевски.***

Андреј Татарчевски е музичар од Скопје кој зад себе има два самоиздадени соло албуми (Cycle 1 и Исечоци), како и еден албум со проектот Chautauqua, на кој се појавува во улога на изведувач и продуцент. Настапува соло, во дуото „Намуз“ и во различни неформални музички состави.

Годинешниот настап на „Фестивал на нем и класичен филм“ ќе биде спој на електрична гитара и ефекти со подготвени звуци. Сликата ќе диктира во кој правец ќе се одвива музиката.

***Ретроспективна програма „Загубени во 1990-тите“***

**15 септември (вторник) 18:00 ч.**

**ГОРИЛО СЕ КАПЕ НА ПЛАДНЕ**

**(Gorila se kupa u podne)**

Игран филм, Југославија

1993, 83 мин., колор, блурej

Режија и сценарио: Душан Макавеев ( Dušan Makavejev)

Улоги: Светозар Цветковиќ. Анита Манчиќ, Александра Ромиг, Петар Божиновиќ (Svetozar Cvetković, Anita Manćić, Alexandra Rohmig, Petar Bozović)

Сместен во Берлин непосредно по германското обединување, филмот го следи мајорот Лазуткин, советски офицер кој по излегувањето од болница открива дека Црвената армија се повлекла од Германија без него, а неговата сопруга започнала нов живот. Облечен во воена униформа и носејќи советско знаме, овој осамен и наивен човек талка низ градот што забрзано го менува својот идентитет, впуштајќи се во низа апсурдни и трагикомични ситуации. Неговото патување го води низ новата берлинска реалност, каде што се судира со криминал, илузии и духовите на исчезнатата идеологија, а визијата на Владимир Ленин станува симбол на светот што неповратно исчезнува.

Во препознатливиот авторски стил, Душан Макавеев ја претвора приказната во политичка сатира и апсурдна алегорија за крајот на Студената војна и распадот на идеолошките системи. Користејќи инсерти од советскиот пропаганден филм ПАДОТ НА БЕРЛИН, режисерот ги преиспитува херојските митови и судирот меѓу идеологијата и стварноста. Особено значајни се документарните снимки од демонтирањето на монументалниот споменик на Ленин во берлинскиот кварт Фридрихсхајн, како и кадрите долж *East Side Gallery*, на кои се зачувани оригиналните графити, вклучувајќи го и прочуениот мурал „Братскиот бакнеж".

**15 септември (вторник) 20:00 ч.**

**ЕДНА НЕДЕЛА**

**(One Week)**

Игран филм, САД
1920, 22 мин, црно-бел, ХД видео
Режија и сценарио: Бастер Китон, Едвард Ф. Клајн (Buster Keaton, Edward F. Cline)

Улоги: Бастер Китон, Сибил Сили, Џо Робертс (Buster Keaton, Sybil Seely, Joe Roberts)

Непосредно по венчавката, млад брачен пар добива куќа во делови како свадбен подарок, со задача да ја состави за само една недела. Но, љубоморниот ривал на младоженецот ги заменува броевите на сандаците со градежните елементи, претворајќи ја изградбата во низа комични недоразбирања и катастрофални ситуации. Додека куќата добива сè поапсурден облик, Бастер Китон со својата препознатлива физичка комика и прецизно осмислени гегови создава еден од најбрилијантните краткометражни филмови од ерата на немиот филм.

ЕДНА НЕДЕЛА е првиот филм на Бастер Китон што го прикажал под капата на неговата продукција, иако првиот изработен филм во продукцијата е ВИСОКО СОНЦЕ што потоа бил оставен да почека некое подобро време. Сепак ЕДНА НЕДЕЛА едно од најзначајни остварувања на Бастер Китон, во кое веќе се препознаваат инвентивната режија, беспрекорниот визуелен хумор и извонредното чувство за филмски ритам што ќе го направат еден од најголемите мајстори на светската кинематографија.

**ЧЕТИРИСТОТИНИ ТРИКОВИ НА ЃАВОЛОТ**

**(Les Quat'Cents Farces du diable)**

Игран филм, Франција

1920, 17 мин, црно-бел, ХД видео

Режија: Жорж Мелиес (Georges Méliès)

Сценарио: Виктор де Котен, Виктор Дарлеј (Victor de Cottens, Victor Darlay)

Улоги: Жорж Мелиес (Georges Méliès)

Инженер и неговиот слуга, измамени од мистериозен старец, несвесно му ги продаваат своите души на самиот Сатана. Кога ќе откријат со кого склучиле договор, започнува фантастична и комична потера исполнета со магии, преобразби, необични превозни средства и низа спектакуларни визуелни трикови, додека двајцата безуспешно се обидуваат да му избегаат на Ѓаволот.

Во ова седумнаесетминутно ремек-дело, Жорж Мелиес повторно ја демонстрира својата неспоредлива имагинација и техничка инвентивност. Комбинирајќи театарска сценографија, илузионистички ефекти и препознатлив хумор, филмот претставува уште еден впечатлив пример за неговиот придонес во развојот на филмскиот јазик. Богатството на специјални ефекти, фантастичните трансформации и динамичните сценски решенија го вбројуваат ЧЕТИРИСТОТИНИ ТРИКОВИ НА ЃАВОЛОТ меѓу најрепрезентативните остварувања на раната фантастична кинематографија, чиј

визуелен стил ќе влијае врз бројни филмски автори во првите децении од историјата на филмот.

**Филмовите ќе бидат музички придружувани од ансамблот „Консонанс“.**

**„Консонанс“** ансамблот основан во 2007 година, во своите почетоци бил составен исклучиво од дрвени дувачки инструменти, но денеска во својот состав вбројува и други инструменталисти кои го збогатуваат звукот на овој ансамбл. „Консонанс“ е посветен на изведбата на камерната музика истражувајќи ги огромните можности пред се на дрвените дувачки инструменти кои го сочинуваат „Консонанс“, а тоа се: флејта, кларинет, англиски рог, бас кларинет, како и останатите инструменти вклучени најчесто како концертни гости. Ансамблот го сочинуваат членови од Македонската Филхармонија и тоа: Здравко Ангелов - кларинет, Маја Чанаќевиќ - англиски рог, Сашко Темелкоски - Бас кларинет и Елена Дојчинова – флејта. Сите овие музичари со долгогодишно искуство подеднакво се посветени на оркестарската, соло и камерната музика.

Здравко Ангелов своето музичко образование го оформува во на ФМУ во Скопје. Добитник е на бројни награди а како прв кларинетист, солист во оркестарот на Филхармонија, настапувал многу пати во улогата на солист во Македонија и надвор од неа. Своето долгогодишно искуство го гради посветувајќи се на изведба на различни музички жанри, од кои класичната музика зазема нај значајно место.

Маја Чанаќевиќ е обоистка и солистка на англиски рог во Македонската филхармонија која долги години покрај негувањето на оркестарското музицирање, активно настапува и како камерен музичар и солист. Настапувала во Македонија и надвор од неа. Покрај активното музицирање таа делува и во полето на музичкиот менаџмент.

Елена Дојчинова е прва флејтистка во Македонската филхармонија. Музичкото образование го завршува во Скопје но инструментот го усовршува работејќи со еминентни флејтисти надвор од нашата држава. Посветена на солистичкото и камерно музицирање концертира заедно со различни ансамбли во Македонија и надвор од неа.

Сашко Темелковски е кларинетист и бас кларинетист во Македонската филхармонија. Еден од основачите на “Консонанс“, кој заедно со своите колеги активно делува во полето на оркестарската и камерна музика. Член е и на оркестарот на Фамес, каде се занимава со професионално снимање на филмска музика.

„Консонанс“ како ансамбл има настапувано на најпрестижните национални фестивали и настани во Македонија како и во Црна Гора, Бугарија, Хрватска, Турција, Србија и САД. Ансамблот има издадено и едно ЦД.

Импресум/Impressum

Издавач: Бошко Грујоски/Publisher: Boshko Grujoski

Директор на фестивалот: Дамјана Патчева / Damjana Patcheva

Соработници:/Contributors:

Александра Младеновиќ/ Editors: Damjana Patceva, Aleksandra Mladenovikj

Бојан Станишиќ/Bojan Stanisic

Миле Миленковски/ Mile Milenkoski

Александар Трајковски/Aleksandar Trajkovski

Тихомир Кашмицовски/ Tihomir Kasmicovski

Бојан Станишиќ /Bojan Stanisikj

Дизајн / Design:

Јован Малески / Jovan Maleski

Печати:

Телефон за резервации:

+ 389 2 3065 968

Резервирани билети се подигаат најдоцна 30 минути пред проекција.

Логоа:

кинобалкан

кинотека на македонија

министерство за култура

Министерство за надворешни на Германија

гете институт

германско друштво

шпанска амбасада

фкц